Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје, /„Службен гласник на Општина Центар број 1/06/, градоначалникот на Општина Центар-Скопје, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за работа со Акционен план на Комисијата за еднкави можности меѓу жените и мажите, за 2015 година, на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Програмата за работа со Акционен план на Комисијта за еднкави можности меѓу жените и мажите, за 2015 година, на Општина Центар-Скопје

што Советот на Општина Центар-Скопје, ја донесе на 33-та седница, одржана на 25.12.2014 година.

Бр.08-7874/17 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.12.2014 год. на Општина Центар-Скопје
С к о п ј е Андреј Жерновски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Центар – Скопје на 33-та седница, одржана на 25.12.2014 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, за 2015 година

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, функционира како постојано работно тело на Советот на Општина Центар-Скопје (во понатомошниот текст КЕМ).
Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е формирана со цел да го промовира родовиот концепт на локално ниво и да го имплементира Законот за еднакви можности на жените и мажите.

**Општа цел**

- Превенција од насилство, насилство врз жените и семејно насилство, (превенција и заштита од родово и полово базирано насилство);
- Промоција и вклучување на Општина Центар-Скопје во родово одговорно буџетирање;
- Влијание во намалување на насилството кај децата и младата популација (разрешување на конфликти и превенција од насилство меѓу децата врз етничка, верска, полова и друга основа);
- Воспоставување на поголема соработка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМ) со невладиниот сектор (НВО);
- Промоција на концептот за потикнување на еднаквите можности на жените и мажите и другите членови на заедницата за учеството во јавниот и политичкиот живот како значаен аспект за развој на граѓанско општество;
- Инклузија на децата со посебни потреби и пречки во развојот во образовниот систем;

**Засебни цели**

- Активности насочени против родово базирано насилство и насилство врз жените вклучувајки го и семејното насилство и секаков вид на насилство;
- Активности насочени кон лобирање и подигнување на свеста на релевантните субјекти на локално ниво за значењето на родовите политики и вклучување на родовиот концепт во процесот на креирање на буџетот, локалните политики, програми и проекти во Општината;
- Превенција и намалување на конфликтите помеѓу децата поттикнатти од етнички, верски традиционални и други разлики и почитување на истите;
- Јакнење на соработката меѓу Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Центар-Скопје со НВО;
- Еднакви можности на сите членови на заедницата за вклучување во јавниот, политичкиот и социјалниот живот (градење на Граѓански активизам);
- Активности со наставниците за полесна инклузија на децата со посебни потреби и пречки во развојот во образовниот систем;

**Задачи**

Вклучување на родовата перспектива во процесот на проценување на импликации за жените и мажите на секоја планирана акција, вклучувајќи ја законската легислативата, политиките и програмите, во секоја област и на сите нивоа.
Припадниците на двата пола да стануваат интегрален дел од дизајнот, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на политиките и програмите на сите политички, образовни, економски и социјални сфери на локално ниво.

**Области на делување**

1. Спречување на сите форми на насилство врз жените и други форми на насилство, семејно насилство, насилство врз децата;
2. Воведување на Општината во родово буџетски иницијативи преку иницијативи и предлози од страна на КЕМ;
3. Еднакви можности и антидискриминација во сите области (врз родова, етнилка, културна, традиционална, религиозна и друга основа);
4. Зајакнување на соработката меѓу Комисијата за еднакви можности на Општина Центар-Скопје со другите комисии за еднакви можности на општините на Град Скопје и други институции кои работат во областа за еднакви можности на жените и мажите;

**5.** Вклучување на граѓаните преку своите преставници во креирање на политики на локално ниво (Граѓански активизам);
**6.** Во областа на образование, инклузија на децата со посебни потреби и пречки во развојот во системот на образование;

**Форми и облици за реализација на активностите**

- Работилници
- Лобирање и креативни притисоци
- Организирање дебати за определени прашања
- Семинари
- Организирање обуки по определени прашања
- Формирање на коалиции на НВО за организирано дејствување
- Информирање на граѓаните
- Медиумска афирмација

**I. Родово базирано насилство, семејно насилство и насилство врз децата и сите други форми на насилство.**

- Промоција на мерките и механизмите на државата кои постојат со цел намалување на насилство врз жените (родово базирано насилство, семејно насилство, насилство врз децата и други видови на насилство) и запознавање на истите за постоење на СОС мрежата.
- Промовирање, самопочитување и соработка помеѓу половите (жените и мажите) и помош на жртвите во процесот на социјализацијата (во семејството, училиштето и во пошироката заедница);
- Мобилизирање групи-сојузници за борба против секаков вид на насилство;

**II. Родово буџетирање.**

- Преку едукација на општинската администрација за родово буџетирање, при креирање на годишниот буџет на Општината да се воведе родово буџетирање во Општината.
- Единиците на локалната самоуправа, се должни (централната власт може да им препорача или да им укаже на потребата на единиците за локална самоуправа, а не да ги задолжи), да го почитуваат принципот на еднакви можности и да ги промовираат и унапредуваат еднаквите можности на жените и мажите преку преземање на основни и посебни мерки.

Во рамките на своите надлежности, единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и родово буџетирање, да го инкорпорират принципот на еднакви можности на жените и мажите, како и да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи;

**III. Намалување на секаков вид на дискриминација.**

Според статистичките податоци во последно време е драстично покачено насилството меѓу децата и младината, во врска со тој проблем планираме да одржиме координација меѓу педагошко-психолошките служби во основните училишта во Општината и едукација со наставниците од основните училишта на Општината, за превенција и спречување на насилно однесување меѓу децата и младите;

- Развивање на соработка со педагошко-психолошките служби во основните училишта во Општината;

- Воведување на начела за ненасилна комуникација и мирно разрешување на конфликтите во основните училишта;
- Ангажирање на учениците во рушењето на предрасудите, заблудите и стереотипите кои постојат за другите припадници на полови, етнички, верски и други граѓани кои живеат во нашата средина;
- Опфаќање на што е можно повеќе деца од основните училишта во намалување и елиминирање на половата и други видови на дискриминација;
- Организирање на маниофестацијата "Сакаме шарен, а не безбоен свет".

**IV. Зајакнување на соработката меѓу Комисијата за еднакви можности на Општина Центар-Скопје со граѓанските невладини организиации на локално ниво.**

Воспоставување на механизам за одржлива соработка во креирањето на родовите политики и практика на соработка со НВО секторот во делокругот на нашите предвидени задачи.
Мониторинг на процесот на спроведување на законската легислатива и напредокот на воведување на родовите политики.
Продолжување на досегашната комуникација помеѓу КЕМ и НВО секторот и зголемување на учеството на НВО во дизајнирањето и имплементирањето на локалниот акционен план за 2015 година.

**V. Вклучување на жените и мажите и другите членови на заедницата во јавниот и политичкиот живот на локално ниво.**

Организирање на јавни дебати и трибини со граѓаните за подигање на свеста за промоција на граѓански активизам.
Граѓаните преку урбаните заедници и нивните претставници активно да учествуваат во креирање на политиките и работата на локално ниво, за што поуспешно реализирање на своите потреби од локално значење односно од секојдневниот живот.

## VI. Инклузија на децата со посебни потреби во образовниот систем.

Комисијата за еднакви можности во соработка со Секторот за образование да организира работилници за наставниците, кои имаат деца со посебни потреби и пореченост во развојот во своите одделенија и родителите на децата со посебни потреби и пречки во развојот за полесна инклузија на овие деца во образовниот и секојдневниот живот.

## Медиумска афирмација

Сите предвидени активности ќе бидат ставени на WEB страница на Општината и ќе бидат медиумски покриени (преку радио-телевизија и пишани медиуми).

# АКЦИОНЕН ПЛАН
# за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите-КЕМ, за 2015 година

**Општина**

Општина Центар-Скопје, како што кажува самото име, претставува општина која го зафаќа строгото централно подрачје на градот Скопје. Таа е, всушност седиште на најголемиот број установи кои имаат административен, политички, образовен, културен и трговски карактер, но и на станбен дел, кој е најгусто населен во целата наша земја. Така овде се наоѓаат: Собранието и Владата на Република Македонија со најголемиот број министерства, Собранието на Град Скопје, дел од универзитетот "Св. Кирил и Методиј", народната и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", црквата "Св. Спас", старата скопска тврдина Кале, градскиот трговски центар, градскиот парк итн.

Општината се протега само на 8 км$^2$. Таа лежи на просечна надморска висина од 320 м.

Вкупниот број на жители според пописот на населението од 2002 година изнесува 45.412. Просечната густина на населеност изнесува 5.714 жители на 1000 м.

Според полот, бројот на машкото население изнесува 21.295 или 46,8%, а на женското 24.117 или 53,2%.

Во однос на националната структура 38.778 или 85,4% се македонци, 1.465 или 3,2% се албанци, 492 или 1,1% се турци, 976 или 2,1% се роми, 459 или 1% се власи, 2.037 или 4,5 се срби, 108 или 0,2% се бошњаци и 1.099 или 2,4% се останати.

Според школска подготовка од 39.369 жители, 351 се без образование, 1.434 се со непотполно основно образование, 4.900 се со основно образование, 18.313 се со средно образование, 2.194 се со више образование, 11.080 со високо образование, 477 се магистри и 603 доктори на науки.

Според писменоста 41.494 се писмени и 351 неписмени од кои 19.243 од писмените се мажи а 22.071 се жени додека кај неписмените 65 се мажи и 286 се жени.

Активното население е поделено на економски активно и економски неактивно население. Активното население е 39.209 од кои 18.122 се мажи и 21.087 се жени. Економско активни се 19.967 од кои 10.112 се мажи и 9855 се жени, додека економски неактивни се 19.242 од кои 8.010 се мажи и 11.232 се жени.

Бројот на живородени деца во 2014 година изнесува 545 (заклучно третиот квартал на Заводот за статистика на Р.М. односно до месец ноември). Сите живородени деца се родени во здравствена установа.

Општината има 7 основни училишта. Бројот на учениците е 4.259, од кои машки се 2.146 а женски се 2.113. Бројот на наставниците во истите е 330.

Во општината постојат 3 детски градинки со повеќе клонови во кои се згрижени 2031 деца.

Општина Центар има едно јавно претпријатие (Паркинзи на Општина Центар-Скопје).

Општинската администрација брои 109 вработени, од кои 60% се преставнички на женскиот пол и 40% од вработените се од машкиот пол.

Од 17 раководители; 10- раководители се жени и 7 раководители се мажи.

Исто така и во Советот на Општина Центар-Скопје од вкупниот број на советници има повеќе од законската обврска од 30% преставнички од женскиот пол, 23 советници, од кои 9 се претставници на женскиот пол.

## Вовед

Со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите во месец мај 2009 година формирана е Комисијата за еднакви можности на мажите и жените при Советот на Општина Центар-Скопје која брои 9 членови.

Истовремено е именуван и координатор за еднакви можности на жените и мажите на Општина Центар-Скопје, вработен во општинската администрација.

По Локалните избори 2013 година со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје се именувани нови членови на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените од ново избраните советници на Советот на Општина Центар-Скопје.

Комисијата и координаторот за еднакви можности на жените и мажите изготвија Извештај за активностите на полето на еднаквите можности на жените и мажите во периодот од јануари-декември 2014 година кои беа предвидени во Програмата и Акциониот план на КЕМ за 2014 година. Сите предвидени активности КЕМ при Општина Центар-Скопје ги реализира во соработка со Секторот за образование при Општина Центар-Скопје, Секторот за еднакви можности при МТСП, Националниот совет за родова рамноправност-СОЖМ, Македонско женско лоби, Дирекција за антидискриминација, Завод за ментално здравје "Младост" и др.

## Приоритетни области на работа

1. Борба против насилство врз жените, родово насилство вклучувајќи го семејното насилство и други видови на насилство;

2. Активности насочени кон лобирање и подигнување на свеста на релевантните субјекти на локално ниво за значењето на родовите политики и вклучување на родовиот концепт во процесот на креирање на буџетот, локалните политики, програми и проекти во општината;

3. Влијание за намалување и спречување на сите видови на дискриминација;

4. Јакнење на соработката меѓу комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Центар-Скопје со граѓанските невладини организиации (НВО секторот) на сите нивоа;

5. Поттикнување на учениците да ги почитуваат различностите на други етнички групи, култури, традиции;

6. Обука за наставници кои работат со децата со посебни потреби и пречки во развојот,

## Дефинирање на целите
## Општа цел

1. да промовира и поддржува приод кој води сметка за родовата димензија и сензитивност во процесот на донесување одлуки;
2. да влијае кон прогресот на родовата еднаквост и антидискриминација во локалната заедница и пошироко;
3. да ги поттикнува еднаквите можности на жените и мажите за учеството на жената во јавниот и политичкиот живот на заедницата, како значаен аспект за развој на граѓанско општество;
4. да создава институционални услови за промоција и развивање на правата на жените и човековите права, како и нивно вклучување во активностите за развој на заедницата во сите сфери од општествениот живот;
5. создавање на институционални услови за промоција и развивање на правата на жените, еднакви можности на жените и мажите во областа на здравството и на образованието.

### Посебни цели

- Градење стратегија за зголемување на влијанието во однос на родовата еднаквост и антидискриминација;
- Препознавање на насилството од страна на младите како да се справат со истото и каде да го пријават;

### Задачи

Вклучување на родовата перспектива во процесот на проценување на импликации за жените и мажите на секоја планирана акција, вклучувајќи ја легислативата, политиките и програмите, во секоја област и на сите нивоа. Припадниците на обата пола да станат интегрален дел од дизајнот, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на политиките и програмите на сите политички, економски и социјални сфери.

### Активности

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите заедно со координаторот и во соработка со другите сектори, односно комисии од Општината, планира во текот на 2015 година да ги превземе следните активности: обуки, работилници, состаноци со невладинот сектор на локално ниво, информирање на граѓаните во соработка со урбаните заедници со цел подигнување на свеста и лобирање за имплементирање на родовите политики на локално ниво и промовирање преку медиумите на сите активности кои ќе се преземат.

Индикатори за горенаведените активности ќе бидат планираните и реализирани состаноци, обуки, работилници и предавања во текот на 2015 година.

Активностите ќе се реализираат со вклучување на експерти и специјалисти од области за кои предвидуваат активностите.

Носители: Локалната самоуправа (Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и координаторот како претставник од општинската администрација) во соработка со соодветни институции што работат на таа проблематика.

Општина Центар-Скопје потребните средства за реализација на горенаведените активности и манифестацијата "Сакаме шарен, а не безбоен свет", ќе ги предвиди во Буџетот на Општината за 2015 година.

## Механизми за мониторинг и евалуација

За мониторинг ќе бидат задолжени вработени во општинската администрација кои заедно со КЕМ и координаторот на КЕМ ќе извршат мониторинг и евалуација на преземените активности. За секоја превземана активност ќе се доставуваат редовни извештаи.

## Табела со цели, задачи и показатели

**Цел I**: Превенција за намалување односно спречување на насилството
Преземање на мерки за спречување на родово базирано насилство, насилство врз жените, семејно насилство, насилство меѓу младите, насилство во училиштето и други видови на насилство.

| ПРОБЛЕМ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | ПОКАЗАТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| Присуството на родово базирано насилство,насилсто во врз жените, вклучувајки го и семејното насилство, насилство меѓу младата популација и друг вид на насилство. | Превенција и заштита на жените и децата за препознавање и пријавување на секаков вид на насилство. | Промоција на мерките и механизмите во државата кои постојат со цел намалување на родово базирано насилство, насилството врз жените, семејно насилство и други видови насилства. | Трибини, работилници, предавања печатење на едукативни и информативни материјали, нивна дискрибуција и соработка со МТСП и други државни институции. |

**Цел II:** Иницијатива за воведување на родовиот концепт во креирање на родово буџетска политикана во Општината.

| ПРОБЛЕМ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | ПОКАЗАТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| Промовирање на концептот на Општина Центар со родово буџетирање | Родово сензитивен буџет на Општина Центар | Промоција и споделување на добри пракси од другите општини кои работат на овој концепт | Трибини, дебати и слични настани со подршка на МТСП, ЗЕЛС и НВО секторот |

**Цел III:** Намалување на насилство и конфликтни ситуации кај децата и младите

Зголемен број на насилство меѓу децата и младата популација базирана врз нетрпеливости од етничка, културна верска, родова и други основи покрај постоење на стереотипи во заедницата.

| ПРОБЛЕМ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | ПОКАЗАТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| Актуелните состојби во образованието кои се поврзани со еднакви можности и антидискриммина ција на учениците од основните училишта. Зголемен број на насилство меѓу младата популација базирана на етничка, родова, религиозна и др. основа. | Развивање на соработка со педагошко психолошките служби во основните училишта во Општината; - воведување на начела за антидискриминација во училишта; - препознавање на дискриминацијата и стереотипите кои владеат во општеството и во училиштето, - рушењето на предрасудите, | Средби со вработени во училиштата на подрачјето на Општината во кои ќе се подобри информирањето. Задачите ќе се реализираат во соработка со Секторот односно Комисијата за образование и Секторот односно Комисијата за здравствена и социјална заштита на децата. Организирање на предавања на наставниците кои понатаму ќе го пренесат кај учениците. | Организирани средби и обуки со релевантни структури од образованието. |

Во текот на 2015 година, ќе се организираат обуки и активности за реализација на манифестацијата "Сакаме шарен, а не безбоен свет" во кој се опфатени сите потребни активности за подобро запознавање на учениците со другите етнички култури традиции и обичаи, на граѓаните кои живееат во нашата држава.

**Цел IV**: Зајакнување на соработката меѓу Комисијата за еднакви можности на Општина Центар-Скопје со граѓанските невладини организиации (НВО секторот) на локално ниво.

| **ПРОБЛЕМ** | **ЦЕЛИ** | **ЗАДАЧИ** | **ПОКАЗАТЕЛИ** |
|---|---|---|---|
| Воспоставување на механизам за одржлива соработка во креирањето на родовите политики и имплементација на легислативата. Продолжување на практиката на добра соработка со НВО секторот. | Мониторинг на процесот на спроведување на Законската легислатива и напредокот на воведување на родовите политики на локално ниво. | Формирање на механизми за редовна комуникација помеѓу КЕМ и НВО секторот, и зголемување на учеството на НВО во дизајнирањето и имплементирањето на локалните акциони планови за 2015 год. | Реализирање на повеќе трибини и работилници со цел за поголема партиципација на граѓаните во креирањето на родовите политики на локално ниво. |

**Цел V:** Еднакви можности ина жените и мажите и недискриминација.

Континуиран процес на вклучување на жената и мажите и другите членови на заедницата за учество во јавниот и политичкиот живот, информирање на граѓаните за активно вклучување во креирање на политиките на работење на локално ниво и во секојдневните текови на живеење. (Овие трибини ќе се организираат во соработка со НВО и соодветните институции кои ја третираат таа проблематика).

| **ПРОБЛЕМ** | **ЦЕЛИ** | **ЗАДАЧИ** | **ПОКАЗАТЕЛИ** |
|---|---|---|---|
| Проблемите со кои се соочуваат граѓаните да ги канализираат и да бидат вклучени активно во нивното разрешување, промовирање на односот локална самоуправа и граѓаните. Активни граѓани. | Будење на свеста кај жените и мажите и други заедници во реализирање на нивните потреби и како да дојдат до решавање на иститетвени проблеми. | Комисијата за еднакви можности заедно со координаторот на комисијата да обезбеди предавачи за вклучување на Активни граѓани во секојдневниот тек на живеење. | Одржување на досегашниот контиуитет на соработката на Општина Центар со своите граѓани (продолжување на практиката на средби сограѓаните) која како досегашна практика вроди со успешно решавање на проблеми на жителите на О.Ц. |

**Цел VI:** Инклузија на децата со посебни потреби и пречки во развојот во образовниот систем.

Обука за наставници кои работат со децата со посебни потреби и со нивните родители, за нивна инклузија во образованието и во секојдневниот живот.

| ПРОБЛЕМ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | ПОКАЗАТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| Во училиштата имаме деца кои имаат потреба од посебен третман од страна на стручните работници, наставниците и родителите за адаптирање во секојдневниот тек на живеење. | Да се обучат стручните работници (психолозите, педагози и др.) наставниците и родителите за работа со децата со посебен потреби | Комисијата за еднакви можности заедно со координаторот на комисијата да обезбеди експерти од соодветната област на здравството, дефектолози психолози и од областа на образованието) | Децата да го добијат потребниот треетман за полесно инклузирање и социјализирање со останатите ученици и со околината во која живеат. |

За сите овие теми ќе соработуваме со медиумите за промовирање на активностите од акциониот план на Комисијата за еднакви можности при Општина Центар-Скопје.

Програмата и Акциониот план на КЕМ за 2015 година, финансиски ќе се реализира од Буџетот на Општина Центар-Скопје.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Центар – Скопје".

Бр.08-7874/16
25.12.2014 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Совет на Општина Центар-Скопје
Цветанка Симоновска, с.р.